РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 08-2733/1
06.09 2012 год.
КРИВА ПАЛАНКА


# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk


**До**
**МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Г-ѓа Гордана Јанкулоска**

Почитувана Г-ѓа Министерка,

Во месец Август во општина Крива Паланка е период на одржување на културни настани како и прослава на бројни празници. Имено во периодот од 25 до 27 Август 2012 година се одржа Меѓународниот Фолклорен Фестивал "Св. Јоаким Осоговски", а исто така на 28 Август се славеше државниот празник *Успение на Пресвета Богородица*, и на 29 Август општинскиот празник *Св. Јоаким Осоговски*. За прославата на овие настани и празници Крива Паланка е посетена од страна на голем број граѓани односно повеќе од 40.000 на посетители и гости.

Со оглед на големиот број на посетители е неопходно беше да се обрне посебно внимание на безбедноста, регулирањето на сообраќајниот режим како и сите други неопходни активности да бидат поставени на многу повисоко ниво. Токму поради тоа се оствари многу добра координација и високи степен на соработка помеѓу општина Крива Паланка и МВР. Самата организациона подготвеност и професионална реализација на зацртаните активности доведе до беспрекорно, целосно и успешно одвивање на фестивалот и на празниците како од страна на жителите на општина Крива Паланка, така и на бројните посетители од Р. Македонија и од странство. Во ниеден момент не се дозволи нарушувањето на јавниот ред и мир, а сообраќајот беше успешно и непречено регулиран од страна на вработените во МВР.

Со овој мој допис до Вас би сакал да ја изразам мојата голема благодарност и почит кон Вас лично како Министер за внатрешни работи, началникот на оделението за полиција, командирот на ПО за БПС и командирот на ПС ОН нивните заменици како и кон сите вработените во полицијата кои го дадоа својот придонес во реализација на овие активности. Овие луѓе ја покажаа својата висока професионалност која може да биде пример на професионално работење.

Ви посакувам и во понатамошниот период да остварувате големи успеси во делокругот на Вашите надлежности.

Со почит.

**Општина Крива Паланка**
**Градоначалник**
**Арсенчо Алексовски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА